АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-91/1
23.01 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До**
Друштва за осигурување на живот

**Предмет:** Мислење поврзано со правата на корисниците на банкарски кредит и полисата за осигурување на живот во случај на смрт - ризико полиса

Во врска со идентификуван проблем и голем број на прашања адресирани до Агенцијата за супервизија на осигурување од страна на договорувачи на осигурување/осигуреници, кои се јавуваат како корисници на банкарски кредит и согласно политиките на банката склучуваат полиса за осигурување на живот во случај на смрт - ризико полиса, која се склучува за цело времетраење на кредитот, каде премијата се наплаќа во целост при склучување на договорот и во случај кога кредитобарателот предвреме го враќа кредитот, Агенцијата за супервизија на осигурување го дава следното:

**МИСЛЕЊЕ**

Согласно домашната законска и подзаконска регулатива, добрите деловни обичаи и правила на струката, дејноста осигурување е дизајнирана, меѓу другото, и врз принципот на доброволност, што значи дека лицата имаат право самостојно да одлучат дали и каков вид на договор за осигурување ќе склучат, освен во случај на задолжително осигурување.

Во случај, кога за да се оствари одредено право или да се добие одредена финансиска услуга (станбен или потрошувачки кредит) по поповолни услови, корисниците склучуваат полиса за осигурување на живот во случај на смрт - ризико полиса, со **почеток на осигурувањето, а не подоцна од 8 дена од склучување на договорот, Друштвото за осигурување на живот има обврска до осигуреникот да достави копија од полисата за осигурување на живот.**

Во случај, кога за да се оствари одредено право или да се добие одредена финансиска услуга (станбен или потрошувачки кредит) по поповолни услови, корисниците склучуваат полиса за осигурување на живот во случај на смрт - ризико полиса, која се склучува за цело времетраење на кредитот, а **премијата за осигурување се наплаќа во целост при склучување на договорот и кога кредитобарателот предвреме го враќа кредитот**, ставот на Агенцијата е дека:

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, katí i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

- **Полисата за осигурување е валидна** и обезбедува покритие согласно условите под кои е склучена се до последниот ден од скаденцата, а сумата на осигурување останува согласно пресметките при склучување на полисата.

Во врска со горенаведеното, а со оглед на фактот дека овој тип на договори од период во период станувaат се побројни, Агенцијата е на став дека доколку деловната политика на Друштвото е во насока на еднократно плаќање на премијата за овој вид на полиси, посочениот пример соодветно да се дефинира во Условите за осигурување, како и да воведе задолжителнаобврска на посредникот во осигурување (Банка) за известување на Друштвото за предвремена отплата на кредитот, со што **Друштвото веднаш по добивање на информацијата ќе го извести договорувачот на осигурување/осигуреникот дека полисата е ослободена од винкулација и ќе му достави препис од истата.**

Дополнително, потребно е Друштвата во врска со претходно наведеното да преземат активности во насока на операционализација на процесите и координација со Банките, а со цел постапување по насоките на Агенцијата од овој допис, и за истотот повратно да ја известат Агенцијата најдоцна до 29.02.2020 година.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти,**
**Крсте Шајноски**

**Копија:** Банки кои имаат дозвола за вршење на работи за застапување во осигурување